# ПЛАН И ПРОГРАМА ЗА СУПСПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈА ПО ПСИХОТЕРАПИЈА

| | |
|---|---|
| **Област на суспецијализација** | **Психотерапија** |
| **Звање кое се добива по завршување на суспецијализацијата** | **Суспецијалист по психотерапија** |
| **Времетраење на суспецијализацијата** | **2 години (24 месеци)** |

## ЦЕЛИ

Програмата за суспецијализација е конципирана да овозможи теоретска и практична компететност на кандидатите од повеќе сегменти на оваа област запознавајќи ги со:

-историјата и развојот на оваа гранка на психијатријата,

-базично запознавање(теоретско и практично) со индивидуалните и

-групните психотераписки правци

-запознавање со индикациите за групна и индивидуална психотерапија

Во текот на суспецијализацијата ќе се стекнат знаења од:

-научните методи за истражување и имплементација на терапевтските методи од областа на психотерапијата.

-особено ќе бидат запознаени со групните психотерапевтски пристапи во третманот на менталните заболувања во теоретски и практичен смисол

-ќе се овозможи разбирање на психотерапискиот пристап на менталните заболувања

## ВРЕМЕНСКИ ПЛАН ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА СУПСПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈАТА

Супспецијализацијата ќе се изведува во следните институции со останување во истите спрема наведениот временски распоред:

1. Клиника за психијатрија **-17 месеци**
2. Психијатриска болница Скопје- **7 месеци**

## ПРОГРАМА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРЕДВИДЕНИТЕ АКТИВНОСТИТЕ

На Клиниката за психијатрија и во Психијатриската болница Скопје

кандидатот активно ќе учествува во психотераиевтските активности групни и индивидуални, под супервизија на ментор од одреден психотераписки правец

Индивидуални психотераписки правци:

Психоанализа и психоаналитичка психотерапија: Организирање и водење на прво интервју, минување низ процесот на тераписката алијанса. запознавање со тераписките техники и теранискиот процес, како и индикациите за овој психотераписки пристап.

Водење протоколи кај 2 нациенти под супервизија на ментор.

**Клиника за исихијатрија- 2 месеци**

**Психијатриска болница Скопје 1 месец**

Куса фокусирана динамска психотерапија водење протоколи кај 2 пациенти

**Клиника за психијатрија -2 месеци**

**Психијатриска болница Скопје 1 месец** (1 протокол)

Супортивна психотерапија 3 протоколи,

**Клиниката за психијатрија-2 месеци**

**Психијатриска болница Скопје 1 месец** (2 протоколи)

Бихејвиор психотерапија и когнитивно бихевиорална психотерапија (**2 месеци)**, запознавање со техниките и работа под супервизија со 3 иациенти- **Клиника за психијатрија (2 месеци)**

Системска семејна терапија работа како опсервер 3 семејства

- **Клиника за психијатрија 3 месеци**,

Психијатриска болница Скопје 3 месеци (работа како опсервер с(-) 3 семејства)

Групни психотераписки правци:

Гешталт психотерапија **(1 месец)** Клиника за психијатрија, Трансакциона анализа **(1 месец)** Клиника за психијатрија, Аналитичка и Моренова нсиходрама **(2 месеци)** Клиника запсихијатрија, Групна и индивидуална анализа на соништа **(1 месец)** Клиника за нсихијатрија, Психотерапија и медикамснтозна терапија кај психози **(1 месец)** на Клиника за психијатрија и **(1 месец)** во Психијатриска болница Скопје

Во текот на 17 месечниот престој на Клиниката за психијатрија кандидатот ќе подготви 3 семинарски работа од одредени пеихотераписки правци, а во Психијатриска болница Скопје 1 семинарска работа.

Во Психијатриската Болница "Скопје" -Скопје

Кандидатот 7 месеци од супспецијализацијата во Психијатриската болница "Скопје"-Скопје ќе ги помине во: -Центар за зависности во Кисела вода (3 месеци)

-Центар за ментално здравје "Пролет" (2 месеци)

-Центар за ментално здравје " Центар" (1 месец)

-Центар заментално здравје "Влае" (1 месец)

Во текот на двегодишната едукација едукантите учествуваат во едукацијата теоретска( низ семинарски трудови) и практичната примена на:

Психотерапија на опсесивно-компулсивните неврози

Психотерапија на сексуалните дисфункционалности

Психотерапија на гранични состојби

Психотерапија на психосоматски растројства

Психотеранија на афективни растројства

Психотерапија на дисоцијативни растројства

Психотеранија на психози

**НАЧИН НА СПРОВЕДУВАЊЕ**

Програмата за спроведување на супспецијалноста започнува по објавен конкурс, на почетокот од учебната година (1. октомври), според утврдени критериуми и уплата на првата рата (првиот семестар) на прифатените кандидати. Веднаш се определува ментор кој перманентно ќе го прати кандидатот во текот на реализацијата на активностите предвидени со иrpограмата за субспецијализација. За време на двегодишната едукација едукантите усвојуваат теоретски и практични знаења, ги учат и ги вежбаат техниките на работа.

Реализацијата на предвидениот план и сите активности се потврдува од страна на овластени лица во установите каде кандидатот ги реализира истите.

Изработката на 4-те предвидени семинарски трудови (три на Клиника за психијатрија и еден во ЈЗУ Скопје) под супервизија на менторите, а нивната одбрана се спроведува пред комисија формирана од катедрата за психијатрија.

На крај се полага завршен испит пред трочлена комисија од Катедрата за психијатрија и медицинска психологија.